**З А П И С Н И К**
**од Сто и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 12.12.2018 година**

**Скопје, декември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 12.12.2018 година**

Седницата започна во 13:50 часот.

На седницата претседаваше Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за

економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за потребата од донесување на Закон за изменување на Законот за поштенските услуги и Предлог-закон за изменување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка

2. Информација за распишување на Јавен повик 01/18 за прибирање на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Јавен повик и Предлог-решение

3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик

4. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судовите

5. Предлог-закон за Судскиот совет на Република Македонија

6. Предлог-закон за извршување на санкциите

7. Предлог-закон за прекршоците

8. Барање согласност на Одлуката за именување директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, со Предлог-решение

9. Кадровски прашања

10. Прашања и предлози

11. Текстови на Предлог-амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија, со Извештај за резултатите од јавната дискусија по Нацрт-амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија и Предлог-уставен закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Закон за изменување на Законот за поштенските услуги и Предлог-законот за изменување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од донесување на Закон за изменување на Законот за поштенските услуги.

2. Го утврди Предлог-законот за изменување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка со заклучок во членот 1 од Предлог-законот наместо зборовите „до 31 декември 2020 година“ да стои „до 31 декември 2019 година“.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Елена Ангеловска-Атанасовска, раководителка на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за распишување на Јавен повик 01/18 за прибирање на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Јавен повик и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на комисија за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со прибирање на понуди за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 4

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Љубица Караманди-Попчевски, државна советничка во Министерството за правда.

## Точка 5

Владата го разгледа Предлог-законот за Судскиот совет на Република Македонија (најнов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да изврши усогласување на текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за Судскиот совет на Република Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државна советничка во Министерството за правда.

## Точка 6

Владата го разгледа Предлог-законот за извршување на санкциите и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за извршување на санкциите согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Јовица Стојановиќ, директор на Управата за извршување на санкции.

**Точка 7**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за прекршоците, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 8**

Владата го разгледа Барањето согласност на Одлуката за именување директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, со Предлог-решение и го донесе Решението за давање согласност на Одлуката за именување директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, во предложениот текст.

**Точка 9**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 10**

Владата заклучи Заклучокот донесен по Предлог-буџетот на Република Македонија за 2019 година, да се измени и да гласи:

„Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.11.2018 година го разгледа Предлог - буџетот на Република Македонија за 2019 година, го утврди и заклучи да и препорача на ЈП Македонска радио-телевизија, за кадровско и техничко доекипирање и доопремување и побрзо стартување со емитување на 24-

часовна програма на албански јазик од средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, 120 милиони денари да се насочат за МРТ 2.

**Точка 11**

**1.** Владата ги разгледа Текстовите на Предлог-амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија, со Извештај за резултатите од јавната дискусија по Нацрт-амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија и прилози од јавната дискусија, ги утврди и заклучи согласно членовите 129 и 131 од Уставот на Република Македонија и член 199 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се доставaт до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и Бојан Маричиќ и Дане Талески од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

**2.** Владата го разгледа Предлог-уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, го утврди и заклучи согласно член 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и член 204 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и Бојан Маричиќ и Дане Талески од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Зоран Заев**